// СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 30 мај 1997
Скопје
Број 24 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**499.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 13, а во врска со член 94 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 14 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 мај 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски.

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства, се избрани:

Д-р Лазар Китаноски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,

Д-р Томислав Чокревски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,

Д-р Ѓорѓи Спасов, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда,

Д-р Благој Хаџиски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,

Д-р Таки Фити, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,

М-р Борис Рикаловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство,

Абдименаф Незири, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој,

Томе Тромбев, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина,

Абдулменаф Беџети, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски,

М-р Киро Докузовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Насер Зибери, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика,

Д-р Софија Тодорова, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура,

Д-р Аслан Селмани, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука,

Слободан Унковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура, и

Д-р Петар Илиевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

3. За други членови на Владата (министри без ресор), се избрани:

Димитар Бузлевски,

Д-р Златка Поповска,

Џемаил Хајдари и

Владимир Наумовски.

4. Со изборот на Владата на Република Македонија на членовите на Владата од претходниот состав кои не се избрани им престанува функцијата.

5. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1874/1
29 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**500.**

Врз основа на член 81 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 29/96 – пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 мај 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1996 ГОДИНА

Се потврдува Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1996 година, што ја донесе Советот на Народната банка на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1997 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1790/1
22 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**501.**

Врз основа на член 81 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 29/96 – пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 мај 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

Се потврдува финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1997 година, што го донесе Советот на Народната банка на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1997 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1789/1
22 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**502.**

Врз основа на член 70 став 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/96 – пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 мај 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од функцијата заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија Томе Неновски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1791/1
22 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**503.**

Врз основа на член 68 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/96 – пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 мај 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува од функцијата гувернер на Народната банка на Република Македонија

Борко Станоевски, по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1793/1
22 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски,** с р.

**504.**

Врз основа на член 68 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/96 – пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 мај 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За гувернер на Народната банка на Република Македонија, се именува

д-р Љубе Трпески, потпретседател на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1792/1
22 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**505.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 мај 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА СЛУЖБАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува организацијата и делокругот на Службата на Собранието на Република Македонија (Служба), раководењето со Службата и начелата за внатрешната организација.

Член 2

Организацијата и делокругот на Службата се уредува во согласност со надлежностите на Собранието, на работните тела, како и со правата и должностите на пратениците и на претседателот на Собранието.

Член 3

Службата врши истражувачко-аналитички, нормативно-правни, информативно-документациони, финансиско-материјални, стручно-технички, административни и други стручни и општи работи.

Службата работите од став 1 на овој член ги врши за потребите на Собранието на Република Македонија (Собрание), работните тела на Собранието, како и за пратениците на Собранието, претседателот на Собранието и потпретседателите на Собранието.

Службата врши стручни работи за потребите на Советот за меѓунационални односи и финансиско-материјални и сметководствени работи за потребите на Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Член 4

Службата функционира како единствена служба.

Во Службата според видот, сродноста и меѓусебната поврзаност на работите се образуваат и организациони единици.

Единственото функционирање на Службата се остварува со меѓусебна соработка на организационите единици и со усогласување на нивната работа.

Единственото функционирање на Службата го обезбедува секретарот на Собранието.

Член 5

Во извршувањето на работите од својот делокруг Службата соработува со Кабинетот на претседателот на Република Македонија, со службите на Владата на Република Македонија, на органите на државната управа, како и со службите на други органи и организации.

Во работата на Службата може да се ангажираат научни и стручни установи и истакнати научни и стручни работници.

Член 6

Средствата за работа на Службата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА СЛУЖБАТА

Член 7

Во Службата се образуваат следниве организациони единици:

- Кабинет на претседателот на Собранието;
- Сектор за истражување и анализи и библиотека;
- Сектор за законодавство;
- Сектор за седници на Собранието;
- Сектор за работни тела на Собранието;
- Сектор за меѓународна соработка на Собранието;
- Сектор за информирање и документација и Информационо-компјутерски центар;
- Сектор за општи и заеднички работи;
- Сектор за финансиско-материјално работење и
- Биро на секретарот на Собранието.

Член 8

Кабинетот на претседателот на Собранието: проучува материјали доставени до претседателот и по потреба подготвува мислења; подготвува јавни настапи на претседателот; подготвува соопштенија и белешки од контактите на претседателот со средствата за јавно информирање; организира работи и протоколарни средби

на претседателот и за нив подготвува соопштенија и белешки; ја води писмената кореспонденција на претседателот; врши прием на странки; постапува по претставките упатени до претседателот; врши и други работи што произлегуваат од функцијата на претседателот.

Кабинетот ги врши и работите што произлегуваат од функцијата на потпретседателите на Собранието.

Член 9

Секторот за истражување и анализи и библиотека: подготвува анализи; информации и мислења по предлог на закони; за прашања сврзани со положбата на Собранието во уставниот систем на Републиката; организацијата и функционирањето на Собранието; улогата на работните тела на Собранието и остварувањето на правата на пратениците; односите на законодавната власт со извршната и судската власт во Републиката, како и за други прашања од значење за работата на Собранието и работните тела; врши споредбени проучувања на уставниот систем и законодавството на Република Македонија со уставните системи и законодавствата на други држави.

Библиотеката се грижи за чувањето, користењето и унапредувањето на библиотечниот фонд и подготвува библиографии и извадоци од стручна литература, меѓународни документи, закони на други држави и други материјали.

Член 10

Секторот за законодавство: подготвува мислења по предлозите за донесување на законите, нацртите и предлозите на законите и на другите акти што ги донесува Собранието; дава стручна помош на пратениците во подготвувањето на законите и другите акти и на амандманите што тие ги предлагаат; подготвува мислења по законите и другите акти за кои е покрената постапка пред Уставниот суд на Република Македонија; ги подготвува текстовите на законите и другите акти за објавување во „Службен весник на Република Македонија"; врши и други нормативно-правни работи.

Член 11

Секторот за седници на Собранието: врши работи во врска со планирањето на динамиката на седниците на Собранието и утврдувањето на дневниот ред и за свикување и одржување на седниците; подготвува сценарио за седниците; врши стручни и други работи во текот на одржувањето на седниците; подготвува записници од седниците; врши работи во врска со пратеничките прашања; врши стручно-аналитички согледувања за примената на Деловникот на Собранието при одржувањето на седниците на Собранието; врши и други работи во врска со организирањето, подготвувањето и одржувањето на седниците на Собранието.

Член 12

Секторот за работните тела на Собранието: врши работи во врска со свикувањето и подготвувањето на седниците на работните тела; дава стручна помош на претседателите и на членовите на работните тела; подготвува предлози на заклучоци и на амандмани на седниците на работните тела; подготвува извештаи, заклучоци и записници од седниците на работните тела; врши работи во врска со спроведувањето на заклучоците на Собранието; учествува во подготвувањето на текстовите на законите и другите акти за објавување во „Службен весник на Република Македонија"; врши и други работи за потребите на работните тела на Собранието.

Член 13

Секторот за меѓународна соработка на Собранието: подготвува информации и други материјали заради остварувањето на меѓународната активност на Собранието; дава стручна и друга помош на делегациите на Собранието во врска со нивните активности во странство; врши работи што произлегуваат од меѓународните парламентарни конференции, од состаноците што се одржуваат во Републиката и од средбите на претставниците на Собранието со претставниците на парламенти и на органи и организации од други држави; врши и други работи во врска со остварувањето на меѓународната соработка на Собранието.

Член 14

Секторот за информирање, документација и информационо - компјутерскиот центар: врши работи во врска со информирањето на јавноста за работата на Собранието и работните тела; подготвува информации, билтени и други публикации за работата на Собранието и работните тела и за меѓународната активност на Собранието; обезбедува материјали за објавување во публикации на парламенти на други држави; врши работи за прибирање, средување, обработка, чување, давање на користење и размена на документациони податоци и материјали од работата на Собранието; микрофилмување на документационот фонд; чување на оригиналите на законите и другите акти и стенографски белешки од седниците на Собранието и работните тела; врши определени работи од музејската дејност; врши работи на информационо-компјутерскиот центар; води картотека; врши и други работи во врска со информирањето, документацијата и информационо-компјутерскиот центар.

Член 15

Секторот за општи и заеднички работи: врши дактилографски и стенографски работи; озвучување и снимање; срамнување; печатење и умножување на материјали; прием и испраќање на пошта и материјали; персонални работи; радиотелеграфски-телефонски, телефакс и телепринтерски работи; се грижи за тековно и инвестиционо одржување на зградата и инсталациите во зградата, за возниот парк на Собранието; се грижи за хигиената во зградата; се грижи за противпожарната заштита во зградата и врши други општи работи за Собранието, работните тела и за потребите на Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Член 16

Секторот за финансиско-материјално работење: подготвува и го следи извршувањето на финансиските планови; подготвува завршни сметки, анализи, информации и финансиски конструкции; врши финансиско-материјални и сметководствени работи за потребите на Собранието и на Кабинетот на претседателот на Република Македонија; врши и други финансиско-материјални и сметководствени работи.

Член 17

Бирото на секретарот на Собранието: подготвува информации и белешки и врши други работи што произлегуваат од договорите на претседателот на Собранието со потпретседателите на Собранието на кои учествува секретарот; врши работи што произлегуваат од комуникацијата на секретарот со државни органи и организации, како и од неговото учество во меѓународни асоцијации; врши работи во врска со овластувањето на секретарот за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи; подготвува упатства и други акти што ги донесува секретарот; врши протоколарни работи за потребите на Собранието; преведување, лекторирање и редактирање; врши и други работи што произлегуваат од овластувањата на секретарот, како функционер кој раководи со Службата.

## III. РАКОВОДЕЊЕ СО СЛУЖБАТА

### 1. Секретар на Собранието и заменици на секретарот

Член 18

Секретарот на Собранието раководи со Службата, ја организира и усогласува работата на Службата и се грижи за единственото функционирање и унапредување на организацијата на Службата.

Секретарот донесува упатства и други акти за работата на Службата.

Член 19

Секретарот на Собранието во поглед на единственото функционирање на Службата, засновањето и престанокот на работниот однос и остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работниот однос, има права и должности на функционер кој раководи со орган на државната управа, доколку со оваа одлука поинаку не е определено.

Член 20

Секретарот на Собранието е наредбодател за користење на средствата за работа на Собранието и за работа на Службата.

Секретарот поднесува извештај до Комисијата за прашања на изборите и именувањата за користењето на средствата за работа на Собранието и за работа на Службата.

Член 21

Замениците на секретарот на Собранието му помагаат во вршењето на работата на секретарот и го заменуваат во случај на негова отсутност или спреченост.

Замениците на секретарот вршат и други работи што ќе им ги довери секретарот

Член 22

За разгледување на прашања што се однесуваат на организирањето, усогласувањето и единственото функционирање и унапредување на работата на Службата, како и други прашања од делокругот на Службата се образува Колегиум на секретарот на Собранието.

Колегиумот го сочинуваат: секретарот на Собранието, замениците на секретарот, шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието, раководителите на секторите, помошниците на секретарот и шефот на Бирото на секретарот.

Колегиумот го свикува и со неговата работа раководи секретарот.

### 2. Републички советници

Член 23

Собранието на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата именува републички советници за вршење на најсложени работи кои бараат посебна самостојност и стручност.

Работите и задачите за чие вршење се именуваат републичките советници, поблиску се определуваат со актот за именување.

Републичките советници можат да раководат со организациони единици.

Републичките советници се именуваат за време од четири години и можат да бидат повторно именувани.

### 3. Раководни работници и други работници на Собранието

Член 24

Раководни работници се помошници на секретарот на Собранието на Република Македонија; виши советници, шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија; раководители на сектори; самостојни советници; шеф на Бирото на секретарот на Собранието и советници и секретари на работни тела.

Член 25

Помошниците на секретарот вршат работи што ќе им ги довери секретарот.

Помошниците на секретарот за својата работа му одговараат на секретарот на Собранието.

Член 26

Раководните работници од членот 24 раководат со организациони единици или вршат истражувачко-аналитички, нормативно-правни и други стручни работи за потребите на Собранието, за одделни работни тела или за одделни организациони единици.

Вишите советници можат да раководат со организациона единица.

Секретарот на работно тело може да врши работи и за потребите на повеќе работни тела.

Раководните работници за својата работа му одговараат на секретарот на Собранието, односно на раководителот на организационата единица и на секретарот на Собранието.

Член 27

Со Кабинетот на претседателот на Собранието раководи шеф на Кабинетот, со секторите раководат раководители на сектори, со Бирото на секретарот на Собранието раководи шеф на Бирото.

Раководните работници од став 1 на овој член го организираат и обезбедуваат вршењето на работите од делокругот на организационата единица со која раководат, ја следат, насочуваат и усогласуваат работата на работниците во организационата единица и обезбедуваат рамномерно распоредување на работите, обезбедуваат навремено, ефикасно и квалитетно извршување на работите, вршат и други работи што ќе им ги довери секретарот, а на шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието што ќе му ги довери и претседателот на Собранието.

Раководните работници од став 1 на овој член работат според упатствата на секретарот на Собранието, а шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието според упатствата на претседателот на Собранието и на секретарот.

Раководните работници од став 1 на овој член за својата работа и за работата на организационата единица со која раководат му одговараат на секретарот, а шефот на Кабинетот на претседателот му одговара на претседателот на Собранието и на секретарот на Собранието.

### 4.Назначување на раководни работници

Член 28

Раководните работници од член 24 ги назначува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на предлог на секретарот на Собранието.

Раководните работници се назначуваат за време од четири години и можат да бидат повторно назначени.

Член 29

Распоредувањето на работниците во Службата го врши секретарот на Собранието во согласност со актот за внатрешната организација и систематизација на работните места на Службата.

Член 30

На раководните работници од членовите 24 и 26 на оваа одлука и на работниците во Службата, соодветно се применуваат одредбите од Законот за органите на

управата и општите прописи со кои се уредуваат работните односи.

Платите на раководиите работници ги определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието по предлог на секретарот на Собранието, а во согласност со актот за висината на коефициентите.

Платите на работниците во Службата ги определува секретарот на Собранието врз основа на актот за определување на висината на платите на работниците.

## IV. НАЧЕЛА ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЛУЖБАТА

Член 31

Внатрешната организација на Службата се утврдува на начин кој обезбедува ефикасно и рационално вршење на работите од делокругот на Службата и одговорност на работниците за стручно и навремено вршење на работите што им се доверени.

Член 32

Со актот за внатрешната организација и систематизација на работните места на Службата се утврдуваат организационите единици; раководењето; остварувањето на правата; обврските и одговорностите на работниците во вршењето на работите; вкупниот број на работниците потребни за вршење на работите; називот и распоредот на работните места по организациони единици со опис на работите и со потребните услови за работа за секое работно место.

Со актот од став 1 на овој член групите на работи од ист вид и нивните називи во рамките на делокругот на Службата се определуваат според видот и сложеноста, сродноста и поврзаноста и другите карактеристики на работите, видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивното вршење, како и стручните и другите звања на работниците во Службата.

Член 33

Актот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Службата го донесува секретарот на Собранието, по претходна согласност од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Член 34

Во рамките на организационите единици од член 7 на оваа одлука за вршење на сродни и меѓусебно поврзани работи можат да се образуваат посебни организациони единици, ако тоа го бара природата на работите.

Член 35

За изготвување на закони, други акти и материјали и за извршување на други посложени работи можат да се образуваат работни групи.

Во работата на работните групи можат да учествуваат и работници од други органи и организации, како и научни и стручни работници.

Работните групи ги образува секретарот на Собранието, во договор со раководителите на организационите единици.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Актот за внатрешната организација и систематизација на работните места на Службата ќе се донесе најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 44/91 и 25/92).

Член 38

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1772/1
21 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**506.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 мај 1997 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕН 6 ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ИМОТНИТЕ ОДНОСИ НАСТАНАТИ СО ПРОТИВПРАВНИ ЗАЗЕМАЊА НА ЗЕМЈИШТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Според член 15 од Законот за уредување и имотните односи настанати со противправни заземања на земјиште во општествена сопственост („Службен весник на СРМ" број 31/72), постапката за расправање на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост ја води Републичката управа за имотно-правни работи.

Согласно со член 6 од Законот за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 44/91), имотните односи што настанале со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост, до влегувањето во сила на овој закон ќе се расправа во рок од три години сметано од неговото влегување во сила. Овој закон влезе во сила на 8 октомври 1991 година.

Од наведените законски одредби произлегува дека целта на законодавецот не била престанување на важењето на Законот, ниту пак преминување, односно пренесување на надлежноста за решавање на овие имотни односи од управен орган на судски орган.

Оттука, одредбата на членот 6 од Законот треба да се толкува така што целта на законодавецот била да определи рок од три години во кој Републичката управа за имотно-правни односи поажурно, поефикасно и побрзо ќе ги реши имотните односи што настанале со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост до влегувањето во сила на измените на Законот.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1837/1
27 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**507.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМПА ПОКРАЈ ЛОКАЛНИОТ ПАТ С. БОРИНО - С. ЛАЖАНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ДОЛНЕНИ**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на бензинска пумпа на локалниот пат с. Борино - с. Лажани, што треба да се гради на КП бр. 1717, КО „Лажани", во м.в. „Тројница", со вкупна површина од 1.000 $м^2$, на подрачјето на општината Долнени, чиј инвеститор ќе биде Мустафоски Малиќ од с. Борино - Прилепско и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1142/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**508.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМА ПОКРАЈ РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р-106, ДЕЛНИЦА СКОПЈЕ-ДРАЧЕВО, СТАЦИОНАЖА НА КМ. 5+100 - ЛЕВО, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „КИСЕЛА ВОДА" - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на бензинска пумпа покрај регионалниот пат Р-106, делница Скопје-Драчево, стационажа на км. 5+100 - лево, што треба да се гради на КП бр. 2017, КО „Драчево", во м. в. „Бара", со вкупна површина од 1.500 $м^2$, на подрачјето на општината „Кисела Вода" - Скопје, чиј инвеститор ќе биде Стојановски Благоја од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Со потпишувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на локацијата за изградба на бензинска пумпа покрај регионалниот пат Р-106, делница Скопје-Драчево, стационажа на км. 5+100 - лево, на подрачјето на општината „Кисела Вода" - Скопје, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 23-290/1 од 07.02.1995 година.

Бр. 23-1148/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**509.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „БЕНЗИНСКА ПУМПА СО СИТЕ ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ" НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ВЕВЧАНИ**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Бензинска пумпа со сите придружни објекти" сервис за возила, сервис за миење на возила, мотел П+2+Пк, септичка јама, бунар, настрешница, резервоари за гориво и хортикултурно решение - зеленило, што треба да се гради на КП бр. 3057, 3058 и 3059, КО Вевчани, во м.в. Суво поле на површина од 3000 $м^2$ - сопствено земјиште на општина Вевчани, а инвеститор ќе биде Влаши Расим од с. Велешта.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1130/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**510.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО И СКЛАДИРАЊЕ НА ДРВЕНИ ПРОИЗВОДИ" - ОПШТИНА ВЕЛЕС**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Погон за производство и складирање на дрвени производи", што треба да се гради на КП 14/1, КО Велес, во м.в. Долни Јолџик, нива 5 класа, со површина од 2009 $м^2$, сопственост на инвеститорите Митровски Ацо и Митрев Илија од Велес.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1129/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**511.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „МЛИН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА БРАШНО", ВО ОПШТИНА РОСОМАН**

1. Со оваа одлука се определуваат условите за градба на објектот „Млин за производство на брашно", што треба да се гради на КП 1566/4, 1567, КО Росоман, во м.в. Провалија, со површина на парцелите од 5420 $м^2$, од инвеститорот „Вигон - Инжењеринг" од Скопје.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:1000, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1136/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**512.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „БЕНЗИНСКА ПУМПА" ПОКРАЈ РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р-527, ДЕЛНИЦА БЕРОВО - ВИНИЦА, ОПШТИНА БЕРОВО**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Бензинска пумпа" покрај регионалниот пат Р-527, делница Берово - Виница, на КП бр. 563, КО Смојмирово, во м.в. Сердарница - нива 5 класа, сопственост на инвеститорите Поповски Боре и Предарски Димитар, со вкупна површина од 2788 $м^2$.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1137/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**513.**

Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 4/96 и 6/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КОМПЛЕКСОТ НА ИНСТИТУТ И ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНА - СКОПЈЕ**

1 Со оваа одлука се донесува детален урбанистички план за комплексот на Институтот и Факултетот за ветерина - Скопје, ограничен со улиците „XVI-та Македонска бригада", „Лазар Поп Трајанов" и КП 1172 со површина од 1,91 ха.

2 Составен дел на оваа одлука е елаборатот: Детален урбанистички план за Институт и Факултет за ветерина - Скопје, изготвен од Заводот за урбанизам и станбено-комунална техника на Република Македонија - Скопје, техн. број 1695/95, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Елаборатот од точка 2 на оваа одлука содржи:
А. Текстуален дел
Б. Графички прилози

| | |
|---|---|
| 1. Местоположба на урбанистичкиот зафат | Р=1 : 25.000 |
| 2. Извод од ОУП - Скопје (1985 год.) | Р=1 : 5.000 |
| 3. Геодетска подлога | Р=1 : 1.000 |
| 4. Постојна состојба | Р=1 : 1.000 |
| 5. Планирана состојба | Р=1 :1.000 |

4 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1169/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**514.**

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на РМ", број 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ", број 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ЗАМЕНА НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ**

Член 1

Се врши замена на правото на сопственост на земјоделско земјиште кое се наоѓа во КО с. Бистрица - Велес и тоа нива на КП број 72/16 во површина од 2.200 $м^2$ 8-ма класа во м.в. Ореовски пат, пасиште на КП број 72/128 во површина од 3.600 $м^2$ 6-та класа во м.в. Било, нива на КП број 72/186 во површина од 1000 $м^2$ 8-ма класа во м.в. Вртешка, пасиште на КП број 72/186 во површина од 1600 $м^2$ 6-та класа во м.в. Вртешка, шума на КП број 72/186 во површина од 300 $м^2$ 4-та класа во м.в. Вртешка сите заведени во ПЛ број 100 на кој носител на право на сопственост е Република Македонија, со земјоделско земјиште, и тоа нива на КП 19/30/2 во површина од 200 $м^2$ 5-та класа во м.в. Село, нива на КП број 67/48 во површина од 1300 $м^2$ 7-ма класа во м.в. Плевење, нива на КП број 71/48 во површина од 4200 $м^2$, 7-класа во м.в. Плевење, нива на КП број 115/49 во површина од 100 $м^2$ класа 4 во м.в. Бавчи, ливада на КП број 122/32 во површина од 400 $м^2$ 4-класа во м.в. Огради, нива на КП број 153/50 во површина од 2900 $м^2$, 7-ма класа во м.в. Лубоји, Ливаѓе, нива на КП број 249/30/2 во површина од 100 $м^2$ 4-та класа во м.в. Бавчи, нива на КП број 19/30/2 во површина од 200 $м^2$ 5-та класа во м.в. Село сите заведени во ПЛ број 325 за КО Бистрица сопственост на Трајче Наќевски од Велес.

Член 2

Договорот за замена на правото на сопственост на недвижностите од член 1 на оваа одлука ќе го склучи министерот за финансии.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1111/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

515.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА КОТОРКА“ С. КЛЕЧОВЦЕ - КУМАНОВО**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Вера Которка“ с. Клечовце - Куманово што го донее Училишниот одбор на седницата одржана на 01.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-662/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

516.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ С. ВОЛКОВО - СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ с. Волково - Скопје што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 28.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-780/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

517.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ „ВАСО КАРАЈАНОВ“ - ГЕВГЕЛИЈА**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното музичко училиште „Васо Карајанов“ - Гевгелија што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 15.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-948/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

518.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ - СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Лазо Трповски“ - Скопје што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 26.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-969/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

519.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С. СТОЈАКОВО - ГЕВГЕЛИЈА**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Кирил и Методиј“ с. Стојаково - Гевгелија што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 20.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-1196/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

520.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ПЕЦО ДАСКАЛОТ“ С. ДОЛНЕНИ - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Пецо Даскалот“ с. Долнени - Прилеп што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 12.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-1283/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**521.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЈОНЧЕ СМУГРЕСКИ" С. ОБРШАНИ - ПРИЛЕП

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Јонче Смугрески" с. Обршани - Прилеп што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 09.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1284/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**522.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА" - СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Вера Циривири - Трена" - Скопје што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 29.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1347/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**523.**

Врз основа на член 97 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" - КАВАДАРЦИ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Гимназијата „Добри Даскалов" - Кавадарци што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 23.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-664/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**524.**

Врз основа на член 171 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 7/97 и 15/97), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19.05.1997 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Се потврдува Статутот на Комисијата за хартии од вредност што го донесе Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 16.05.1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1186/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**525.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за сообраќај и врски - Дирекција за цивилна воздушна пловидба и тоа:

| тарифен број | тарифна ознака | наименување | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 60 | - Влезни или излезни единици што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште: | |
| | 8471 60 40 00 | --- Печатари | |
| | | а) HP LASER JET 5 SI MX | 1 парче |
| 8517 | | Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони: | |
| | 8517 50 | - Други апарати, за жични системи со носечка струја | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | или за дигитални линиски системи: | |
| | 8517 50 10 00 | -- За жични линиски системи со носечка струја | |
| | | а) MODEM US ROBOTICS | 1 парче |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео – монитори и видео – проектори: | |
| | | - Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика: | |
| | 8528 21 00 00 | -- Во боја | |
| | | а) MONITOR NEC MULTYSYNC 21 | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-1126/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**526.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

| тарифен број | тарифна ознака | наименување | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на податоци на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 30 00 00 | - Портабл дигитални машини за автоматска обработка на податоци, со маса до 10 кг, што се состојат од најмалку една централна единица, тастатура и дисплеј | |
| | | а) дигитални централни единици преносни | |
| | | - Compaq Notebook | 1 парче |
| | 8471 60 | - Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште: | |
| | 8471 60 40 00 | --- Печатари | |
| | | а) принтер OKI OJ 300C | 12 парчиња |
| | 8471 70 | - Мемориски единици | |
| | 8471 70 53 00 | ----- Хард диск драив (hard disk drives) | |
| | | а) QANTUM | 12 парчиња |
| | | б) FDD 3.5 PCI VGA S3 CARD | 12 парчиња |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори: | |
| | | - Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика: | |
| | 8528 21 00 00 | -- Во боја | |
| | | а) COLOR MONITOR 14 | 12 парчиња |
| 8542 | | Електронски интегрални кола и микросклопови: | |
| | | - Монолитни дигитални интегрални кола: | |
| | 8542 12 00 00 | -- Картички кои содржат електронски интегрални кола | |
| | | а) Mhz, AMD/4 MB HDD 1.7 GB | 12 парчиња |
| | | б) 2MB | 12 парчиња |
| | | в) FAX MODEM 14 400 | 12 парчиња |
| | 8542 19 | -- Друго, вклучувајќи кола добиени со комбинација на биполарни и MOS технологија (BIMOS технологија): | |
| | 8542 19 10 00 | --- Мемории D-RAMs; S-RAMs; cache-RAMs; EPROMs; E2PROMs; FLASH E2 PROMs; ROMs; CAMs; FIFIs; LIFOs; и др.) | |
| | | а) Memory module | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-1132/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**527.**

Врз основа на член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1997 ГОДИНА

1. Во Републичкиот буџет за 1997 година се предвидуваат средства за изработка просторни и урбанистички планови во висина од 160.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

### ПРОСТОРНИ ПЛАНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| 2.1. | Изработка на Нацрт на просторниот план на Република Македонија | 45.000.000,00 ден. |
| 2.2. | Ревизија на просторните планови на националните паркови: Маврово, Пелистер и Галичица | 10.000.000,00 ден. |
| 2.3. | Изработка на Просторен план на спортско рекреативен центар Попова Шапка | 3.000.000,00 ден. |
| 2.4. | Изработка на Просторен план на крајбрежното подрачје на акумулацијата „Козјак“ | 2.000.000,00 ден. |
| | ВКУПНО 2.1. - 2.4. | 60.000.000,00 ден. |

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| 2.5. | Изработка на нацрт Генерален урбанистички план на град Скопје | 8.000.000,00 ден. |
| | Ревизија и изработка на генерални урбанистички планови (во натамошниот текст: ГУП) на поранешни општини | |
| 2.6. | Ревизија на ГУП - Берово | |
| 2.7. | Ревизија на ГУП - Валандово | |
| 2.8. | Ревизија на ГУП - Виница | |
| 2.9. | Довршување на ГУП - Д. Хисар | |
| 2.10. | Изработка на ГУП - Кочани | |
| 2.11. | Ревизија на ГУП - К. Паланка | |
| 2.12. | Ревизија на ГУП - Куманово | |
| 2.13. | Ревизија на ГУП - Пробиштип | |
| 2.14. | Ревизија на ГУП - Ресен | |
| 2.15. | Изработка на ГУП - Св. Николе | |
| 2.16. | Ревизија на ГУП - Струмица | |
| | ВКУПНО 2.5.-2.16. | 30.000.000,00 |

Изработка генерални урбанистички планови за ново формирани општини (во натамошниот текст:- ГУП)

2.17. Изработка на ГУП - Пехчево
2.18. Изработка на ГУП - Бистрица
2.19. Изработка на ГУП - Новаци
2.20. Изработка на ГУП - Могила
2.21. Изработка на ГУП - Кукуречани
2.22. Изработка на ГУП - за Самоков
2.23. Изработка на ГУП - Пласница
2.24. Изработка на ГУП - Миравци
2.25. Изработка на ГУП - Богданци
2.26. Изработка на ГУП - Стар Дојран
2.27. Изработка на ГУП - Маврови Анови
2.28. Изработка на ГУП - Чешиново
2.29. Изработка на ГУП - Облешево
2.30. Изработка на ГУП - Зрновце
2.31. Изработка на ГУП - Оризари
2.32. Изработка на ГУП - Ранковце
2.33. Изработка на ГУП - Д. Капија
2.34. Изработка на ГУП - Плачковица и Стопанска зона
2.35. Изработка на ГУП - Извор
2.36. Изработка на ГУП - Карбинци
2.37. Изработка на ГУП - Петровец
2.38. Изработка на ГУП - Илинден
2.39. Изработка на ГУП - Сарај

ВКУПНО 2.17. - 2.39. 15.000.000,00 ден.

Урбанистичка документација за населените места во општините (во натамошен текст - УДНМ)

| | | |
|---|---|---|
| 2.40. | Општина Берово | - Будиморци<br>- Ратево |
| 2.41. | Општина Пехчево | - Црник<br>- Чифлик |
| 2.42. | Општина Битола | - Братин Дол<br>- Раштани |
| 2.43. | Општина М. Брод | - Требино<br>- Суви Дол |
| 2.44. | Општина Самоков | - Здуње<br>- Близанско<br>- Белица |
| 2.45. | Општина Пласинца | - Преглово |
| 2.46. | Општина Валандово | - Пирава<br>- Јосифово |
| 2.47. | Општина Виница | - Градец<br>- Истибања |
| 2.48. | Општина Блатец | - Липец |
| 2.49. | Општина Гевгелија | - Конско<br>- Мрзенци |
| 2.50. | Општина Миравци | - Давидово<br>- Петрово |
| 2.51. | Општина Богданци | - Стојаково<br>- Селемли |
| 2.52. | Општина С. Дојран | - Николиќ<br>- Нов Дојран |
| 2.53. | Општина Гостивар | - Дебраше |
| 2.54. | Општина Чегране | - Форино |
| 2.55. | Општина Делчево | - Разловци<br>- Звегор<br>- Разловци<br>- Вирче |
| 2.56. | Општина М. Каменица | - Луковица<br>- Бардовци |
| 2.57. | Општина Д. Хисар | - Слепче<br>- Обедник |
| 2.58. | Општина Сопотница | - Слоештица<br>- Доленци |
| 2.59. | Општина Кавадарци | - Раец<br>- Ресава |
| 2.60. | Општина Конопиште | - Бохула<br>- Мајдан |
| 2.61. | Општина Росоман | - Камендол<br>- Паликура |
| 2.62. | Општина Кичево | - Кнежино<br>- Осој<br>- Раштани |
| 2.63. | Општина Другово | - Извор<br>- Горно и Долно Добреноец |
| 2.64. | Општина Осломеј | - Арангел<br>- Србица |
| 2.65. | Општина Вранешница | - Челопеци<br>- Бигор Доленци |
| 2.66. | Општина Зајас | - Тајмиште |
| 2.67. | Општина Кочани | - Грдовци<br>- Мојанци<br>- Тркање |

| | |
|---|---|
| 2.68. Општина Чешиново | – Соколарци |
| 2.69. Општина Облешево | – Чифлик |
| | – Бања |
| 2.70. Општина Зрновце | – Мород вис |
| | – Видовиште |
| 2.71. Општина Оризари | – Прибачево |
| 2.72. Општина К.Паланка | – Мождивњак |
| | – Жидилово |
| 2.73. Општина Ранковце | – Псача |
| | – Љубинци |
| 2.74. Општина Куманово | – Агино село |
| 2.75. Општина Липково | – Оризари |
| | – Отља |
| 2.76. Општина Орашец | – Градиште |
| | – Габреш |
| 2.77. Општина Клечовце | – Довезенце |
| | – Стрезовце |
| 2.78. Општина Ст.Нагоричане | – М.Нагоричане |
| | – Драгоманце |
| 2.79. Општина Крушево | – Алданци |
| | – Бучин |
| 2.80. Општина Неготино | – Калањево |
| | – Тремник |
| 2.81. Општина Д.Капија | – Прждево |
| | – Дрен |
| 2.82. Општина Охрид | – Рамне |
| | – Коњско |
| 2.83. Општина Белчишта | – Ботун |
| | – Слатино |
| 2.84. Општина Косел | – Вапило |
| | – Ливоишта |
| 2.85. Општина Мешеишта | – Требеништа |
| | – Оровник |
| 2.86. Општина Прилеп | – Беровци |
| | – Плетвар |
| 2.87. Општина Долнени | – Ропотово |
| | – Дупјачани |
| 2.88. Општина Тополчани | – Ероковци |
| | – Алинци |
| 2.89. Општина Кривогаштани | – Обршани |
| | – Воѓани |
| | – Крушеани |
| 2.90. Општина Витолиште | – Дуње |
| | – Крушевица |
| 2.91. Општина Пробиштип | – Добрево |
| | – Стрмош |
| 2.92. Општина Злетово | – Дреново |
| | – Ратовица |
| 2.93. Општина Радовиш | – Роклиш |
| | – Ињево |
| 2.94. Општина Ресен | – Царев двор |
| | – Крани |
| 2.95. Општина Св. Николе | – Горобинци |
| | – Мустафино |
| 2.96. Општина Лозово | – Дорфулија |
| | – Каратманово |
| 2.97. Општина Струмица | – Вељуса |
| | – Градско Балдовци |
| 2.98. Општина Ново Село | – Колешино |
| | – Старо Коњарево |
| 2.99. Општина Василево | – Пиперово |
| | – Доброшинци |
| 2.100. Општина Босилово | – Иловица |
| | – Штука |
| 2.101 Општина Куклиш | – Костурино |
| | – Свидовица |
| 2.102. Општина Муртино | – Моноспитово |
| | – Село Бањско |
| 2.103. Општина Струга | – Враниште |
| | – Октиси |
| 2.104. Општина Луково | – Јабланица |
| | – Нерези |
| 2.105. Општина Ростуше | – Лазарополе |
| | – Битуше |
| 2.106. Општина Делогожди | – Короништа |
| | – Мислодежда |
| 2.107. Општина Лабуништа | – Бороец |
| | – Подгорци |
| 2.108. Општина Велешта | – Добовјани |
| 2.109. Општина Тетово | – Фалиш |
| | – Саракино |
| | – Голема Речица |
| 2.110. Општина Цепиште | – Једоарце |
| 2.111. Општина Теарце | – Лешок |
| | – Доброште |
| 2.112. Општина Брвеница | – Милетино |
| | – Челопек |
| 2.113. Општина Камењане | – Јеловљане |
| | – Урвич |
| 2.114. Општина Боговиње | – Жеровјане |
| | – Ново Село |
| 2.115. Општина Шипковица | – Бозовце |
| | – Лисец |
| 2.116. Општина Желино | – Групчин |
| | – Ново Село |
| 2.117. Општина Јегуновце | – Јанчиште |
| | – Сиричино |
| 2.118. Општина Вратница | – Беловиште |
| | – Рогачево |
| 2.119. Општина Велес | – Чалошево |
| | – Рлевци |
| 2.120. Општина Богомила | – Ореше |
| | – Согле |
| 2.121. Општина Градско | – Виничани |
| | – Ногаевци |
| 2.122. Општина Чашка | – Мелница |
| | – Лисиче |
| 2.123. Општина Извор | – Стари град |
| | – Мартолци |
| 2.124. Општина Штип | – Долани |
| | – Љуботен |
| 2.125. Општина Карбинци | – Аргулица |
| | – Крупиште |
| 2.126. Општина Арачиново | – Брњарци |
| | – Грушино |
| 2.127. Општина Студеничани | – Батинци |
| | – Долно Количани |
| 2.128. Општина Зелениково | – Орешани |
| 2.129. Општина Петровец | – Огњанци |
| | – Ср. Коњари |
| | – Ќојлија |
| 2.130. Општина Илинден | – Мралино |
| | – Марино |
| 2.131. Општина Сопиште | – Ракотинци |
| | – Горно Соње |
| 2.132. Општина Сарај | – Глумово |
| | – Шишево |
| | – Матка |
| 2.133. Општина Кондово | – Рашче |
| 2.134. Општина Чучер-Сандево | – Побожје |
| | – Мирковци |
| 2.135. Општина Гази Баба | – Стајковци |
| | – Црешево |
| | – Булачани |
| 2.136. Општина Ѓорче Петров | – Ново Село |
| | – Волково |
| 2.137. Општина Карпош | – Бардовци |
| | – Злокуќани |
| 2.138. Општина Кисела Вода | – Драчево |
| | – Горно Лисиче |
| | – Долно Лисиче |

| | | |
|---|---|---|
| 2.139. Општина Чаир | - Визбегово<br>- Љубанци<br>- Љуботен | |
| 2.140. Општина Шуто Оризари | - Горно Оризари | |
| ВКУПНО ЗА УДНМ: | | 20.000.000,00 ден |
| 2.141. Стручна ревизија 8% од вредноста на плановите | | 12.000.000,00 ден |
| 2.142. Изработка на ДУП за локалитети од државен интерес | | 9.000.000,00 |
| 2.143. Стручни симпозиуми | | 900.000,00 |
| 2.144. Урбанистичко-архитектонски конкурси за локалитети од државен интерес | | 5.100.000,00 |
| СЕ ВКУПНО: | | 160.000.000,00 |

3. За спроведување на оваа програма и за начинот, динамиката и наменското користење на средствата, ќе се грижи Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, кое во рамките на предвидените средства може да врши соодветни преместувања на планираните износи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 1149/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**528.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесува

## ПРОГРАМА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ДЕНОВИ НА ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ДЕТСКА ПАРАЛИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

Вонредна имунизација против детска парализа во Република Македонија се спроведува во времето од 2 до 8 јуни 1997 година на:

1. Децата од навршена 3-месечна возраст до навршена 47-месечна возраст задолжително се имунизираат.

2. Имунизацијата се спроведува со една доза жива орална полиовакцина, освен за лицата за кои постои индикација за давање на мртва полиовакцина.

3. Имунизацијата ја спроведуваат соодветните здравствени организации во Републиката.

4. Имунизацијата ќе се спроведува во време и на утврден начин, согласно Упатството изготвено од Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје.

5. За спроведување на оваа вонредна имунизација обезбедени се потребните финансиски средства од вон - буџетски извори. Вакцините и пропагандниот материјал се обезбедени од УНИЦЕФ како хуманитарна помош.

6. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1203/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**529.**

Врз основа на член 9 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85, 12/89, 17/91 и 38/91) министерот за труд и социјална политика донесе

## НАРЕДБА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДНИНИ НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

1. Месечните износи на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците април, мај и јуни 1997 година се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечната месечна нето плата остварена во Републиката во претходното тримесечје од 9.100,00 денари и изнесуваат:

I група - 4.550,00 денари
II група - 3.640,00 денари
III група - 2.912,00 денари
IV група - 2.275,00 денари
V група - 1.820,00 денари

Износите на цивилната инвалиднина во точката 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на просечната месечна нето плата во Републиката во периодот јануари - март 1997 година, објавен од страна на Заводот за статистика на Република Македонија.

2. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јануари, февруари и март 1997 година конечно се определуваат од основата која се утврдува на просечната месечна плата остварена во Републиката во периодот октомври, ноември и декември 1996 година од 9.003,00 денари и изнесуваат.

I група - 4.500,00 денари
II група - 3.660,00 денари
III група - 2.880,00 денари
IV група - 2.250,00 денари
V група - 1.820,00 денари

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-1783/97
15 мај 1997 година
Скопје

Министер,
**Насер Зибери,** с.р.

**530.**

Врз основа на член 14 од Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/93, 70/94, 65/95 и 71/96), министерот за финансии донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДЕНАРСКИ СРЕДСТВА ОД ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ

1. Во Упатството за начинот и постапката за исплата на денарски средства од депонираните девизни влогови на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/93, 54/93, 70/93, 2/95, 26/95, 6/96, 30/96 и 12/97), во точка 2, став 1, алинеа 7 по зборот

„стока“ се додаваат зборовите: „најмногу два пати годишно“.

2. Во точка 3, став 1 потточка б) зборовите „120 дена“ се заменуваат со зборовите „1 година“.

3. Во Образец број 1, во називот на Потврдата зборовите: „Алинеи 6, 7, 8, 10, 11 и 12“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 6, 7, 8, 9 и 10“.

4. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 10-4441/1
19 мај 1997 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Таки Фити**,с.р.

531.
Врз основа на член 10 од Законот за тутунот („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 69/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА КОЛИЧЕСТВАТА НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ ШТО ЌЕ СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ВО 1997 ГОДИНА

1. Во зависност од почвено-климатски, рељефни и други карактеристики на територијата на Република Македонија, како и барањата на странскиот пазар во 1997 година се определува производство на вкупно 25,354 тони суров тутун во лист (тутун).

2. Производството на тутун од став 1 на ова решение по типови изнесува:

| | |
|---|---|
| Ориенталски | |
| - јака | 8.690 тони |
| - џебел | 883 тони |
| - прилеп | 12.717 тони |
| Вкупно: | 22.290 тони |
| Полуориенталски | |
| - отља | 1.030 тони |
| Крупнолисни | |
| - вирџинија | 1.855 тони |
| - берлеј | 179 тони |
| Вкупно: | 2.034 тони |

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-3428/1
16 мај 1997 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов**, с.р.

532.
Врз основа на член 10 од Законот за тутунот („Сл. весник на РМ“ бр. 69/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ РЕГИОНИ И РЕОНИ ЗА ТИПОВИТЕ НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ КОИ СЕ ОДГЛЕДУВААТ НА ОВИЕ РЕГИОНИ ОДНОСНО РЕОНИ

1. На територијата на Република Македонија се определуваат следните региони за производство на суров тутун во лист (тутун): Североисточен, Западен, Југозападен, Централно-источен и Југоисточен.

2. Производните региони од точка 1 на ова решение ги опфаќаат реоните како и типовите тутун што се одгледуваат на овие реони на кои правните и физичките лица може да произведуваат тутун односно да набавуваат сортно семе од типовите кои се определени за тој регион односно реон и тоа:

### I. СЕВЕРОИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Североисточниот производен регион ги опфаќа Скопскиот реон, Кумановскиот реон и Кривопаланечко-Кратовски реон.

Во Скопскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Арачиново, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден, Сопиште, Сарај, Кондово, Чучер-Сандево, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Шуто Оризари.

Во Скопскиот реон да се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел
2) Полуориенталски типови тутун: Отља

Во Кумановскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Куманово, Липково, Орашец, Клечовце, Старо Нагоричане.

Во Кумановски реон се огледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел
2) Полуориенталски типови тутун: Отља
3) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
4) Берлејски типови тутун: Берлеј

Во Кривопаланечко-Кратовскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Крива Паланка, Ранковце, Кратово.

Во Кривопаланечко-Кратовски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1. Ориенталски типови тутун: Џебел и Прилеп

### II. ЗАПАДЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Западниот производен регион ги опфаќа Полошки (Тетовско-Гостиварски) реон, Охридско-Струшки и Кичевски реон, Дебарски реон и Ресенски реон.

Во Полошки (Тетовско-Гостиварски) реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Тетово, Џепчиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Вратница, Јегуновце, Гостивар, Неготино-Полошко, Врапчиште, Ростуше, Маврови Анови, Чегране, Долна Бањица, Србиново, Вруток.

Во Полошки (Тетовско-Гостиварски) реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
2) Берлејски типови тутун: Берлеј
3) Полуориенталски типови тутун: Отља
4) Ориенталски типови тутун: Џебел и Јака

Во Охридско-Струшкиот и Кичевскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населени места: Охрид, Белчишта, Косел, Мешеишта, Струга, Луково, Делогожди, Лабуништа, Велешта, Вевчани, Кичево, Другово, Осломеј, Вранештица, Зајас.

Во Охридско-Струшкиот и Кичевски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
2) Берлејски типови тутун: Берлеј
3) Ориенталски типови тутун: Џебел и Прилеп

Во Дебарскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населени меса: Дебар, Центар Жупа.

Во Дебарски реони се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориенталски типови тутун: Џебел
2) Полуориенталски типови тутун: Отља
3) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
4) Берлејски типови тутун: Берлеј

Во Ресенскиот реон спаѓа подрачјето на општината Ресен со населените места.

Во Ресенскиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Џебел
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
3) Берлејски типови тутун: Берлеј

## III. ЈУГОЗАПАДЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Југозападен производен регион го опфаќа Пелагонискиот реон.

Во Пелагонискиот регион спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Битола, Бистрица, Новаци, Бач, Старавина, Могила, Кукуречани, Цапари, Доброшево, Македонски Брод, Самоков, Пласница, Прилеп, Долнени, Тополчани, Кривогаштани, Витолишта, Крушево, Житоше, Македонски Брод, Демир Хисар, Сопотница.

Во Пелагониски регион се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Прилеп, Џебел
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
3) Берлејски типови тутун: Берлеј

## IV. ЦЕНТРАЛНО-ИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Централно-источен производен регион ги опфаќа Тиквешко-Велешкиот и Овчеполскиот регион, Кочанско-Виничкиот реон и Делчевско-Пехчевскиот реон подрачјата на следните општини и населените места:

Во Тиквешко-Велешкиот и Овчеполскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Велес, Богомила, Чашка, Градско, Извор, Кавадарци, Конопиште, Росоман, Неготино, Демир Капија, Свети Николе, Лозово, Штип, Карбинци, Пробиштип, Злетово.

Во Тиквешко-Велешки и Овчеполски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1)Ориентални типови тутун: Прилеп, Џебел

Во Кочанско-Виничкиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Кочани, Чешиново, Облешево, Зрновци, Оризари, Виница, Блатец.

Во Кочанско-Винички реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Прилеп, Џебел, Јака
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија
3) Берлејски типови тутун: Берлеј

Во Делчевско-Пехчевскиот реон спаѓаат подрачјата на следните општини со населените места: Делчево, Македонска Каменица и Пехчево.

Во Делчевско-Пехчевски реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Прилеп.

## V. ЈУГОИСТОЧЕН ПРОИЗВОДЕН РЕГИОН

Југоисточниот производен регион ги опфаќа Гевгелиско-Валандовскиот реон и Струмичко-Радовишкиот реон

Во Гевгелиско-Валандовскиот реон спаѓаат следните општини со населените места: Берово, Делчево, Гевгелија, Миравци, Богданци, Стар Дојран и Валандово.

Во Гевгелиско-Валандовскиот регион се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Јака

Струмичко-Радовишкиот реон ги опфаќа подрачјата на следните општини со населените места: Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Радовиш, Конче, Подареш.

Во Струмичко-Радовишкиот реон се одгледуваат следните типови на тутун:

1) Ориентални типови тутун: Јака
2) Вирџиниски типови тутун: Вирџинија.

3. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за определување на производни региони и реони за производство на суров тутун во лист („Сл. весник на СРМ“ бр. 8/87).

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-3429/1
16 мај 1997 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов**,с.р.

**533.**

Врз основа на член 13 став 2 и член 24 став 2 од Законот за тутунот („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 69/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНОТО - ДОГОВОРЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ОТКУПЕНОТО КОЛИЧЕСТВО НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на пријавувањето на планираното – договореното производство на суров тутун во лист (тутун) и за начинот на водењето на евиденцијата на откупеното количество на тутун по типови односно сорти за тековната година.

Член 2

Правните лица откупувачи на тутун пријавувањето на планираното – договореното производство на суров тутун ќе го вршат на пријава за планирано и договорено производство за тековната година на образец број 1, а евиденцијата за откупените количества на тутун по типови на образец број 2.

Образецот број 1 и број 2 од став 1 на овој член се составен дел на ова упатство.

Член 3

Во пријавата за планираното – договореното производство откупувачот ги наведува следните податоци: реден број, број на договорот, сериски број на договорот, податоци за тутунопроизводителите (име и презиме, адреса, бр. на л.к.) тип на тутунот, општина, стракови изразени во илјада, договорена количина во килограми, дата на поднесувањето на пријавата, печат и потпис на одговорното лице во правното лице.

Член 4

Водењето на евиденцијата се врши во книга за евиденција или компјутерски. Евиденцијата за извршен откуп на тутун се врши на образец бр. 2 од член 2 став 2 на ова упатство, во кој по хронолошки редослед се евидентираат количините на откупениот тутун во соодветната година по типови, класи, посебно се искажуваат ароматичниот, дополнителниот и мувливиот тутун како и вкупно исплатено денари по типови, просечната цена по килограм, дата, печат и потпис на одговорното лице на правното лице.

Член 5

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-3430/1
16 мај 1997 година
Скопје

Министер,
дипл.инж. агр. **Никола Паракеов**, с.р.

**Образец бр.1**

**Сериски број на претпријатие ____________**

## П Р И Ј А В А

**за планирано - договорено производство на тутун за 19_____ година**

**Откупувач ____________________**

| Ред. бр. | Број на договор | Серис. бр.на договор | Има и Презиме на тутун.произ. | Адреса на производ. | Лична карта Мат.бр. | Тип на тутун | Пов. декари | Општ. на (8) | Стракови "ООО" | Дог. колич. кгр. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

* Општина каде е засаден тутунот

**Дата** **Печат** **Потпис на одговорното лице во правното лице**

**Образец бр.2**

## Е В И Д Е Н Ц И Ј А

**за извршен откуп на суров тутун во лист од берба 19___ година**
**од почетокот на откупот до ____________ година**

**Откупувач ____________________**

**во кгр.**

| К л а с а | Т И П О В И | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јака | Џебел | Прилеп | Отља | Вирџинија | Берлеј |
| I | | | | | | |
| II | | | | | | |
| IIIа | | | | | | |
| IIIб | | | | | | |
| IV | | | | | | |
| V | | | | | | |
| Вкупно Ароматични: | | | | | | |
| Дополнителен тутун | | | | | | |
| I | | | | | | |
| II | | | | | | |
| III | | | | | | |
| IV | | | | | | |
| V | | | | | | |
| Вкупно дополнителни | | | | | | |
| М у в л и в : | | | | | | |
| С Е В К У П Н О: | | | | | | |
| В К У П Н О П Л А Т Е Н Т У Т У Н | | | | | | |
| кг. | | | | | | |
| денари | | | | | | |
| Просеч.цена/кг. | | | | | | |

**Дата** **М.П.** **Потпис на одговорно лице во правно лице**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 293 ZLATICA PIRIFOS | HERBOS HI - Hrvatska | Радомак ППТ - Скопје | 10-9517/1 12.12.1994 | 12.12.1999 |
| 294 ZOLONE - PM | RHONE-POULENC Agrochimie SA - Francija | Агромеханика АД - Скопје | 10-771/1 08 02.1996 | 08 02.2001 |
| 295 ZOLONE LIQUIDE | RHONE-POULENC Agrochimie SA - Francija | Агромеханика АД - Скопје | 10-773/1 08 02 1996 | 08 02 2001 |
| 296 ZUPAZON | ZUPA HI - SR Jugoslavija | Мак-Траде 92 ППТ- Скопје | 10-321/2 30 01 1997 | 30 01 2002 |
| 297 ZUPINEP S-70 | ZUPA HI - SR Jugoslavija | Мак-Траде 92 ППТ- Скопје | 10-326/2 23 01 1997 | 23 01 2002 |
| 298 ZUPILAN 48 | ZUPA HI - SR Jugoslavija | Мак-Траде 92 ППТ- Скопје | 10-431/2 16 05 1997 | 16 05 2002 |

Бр. 10-3553/1
27 мај 1997 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов**, с.р.

---

**535.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 14 мај 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. Се укинува член 7 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/95), во делот „најмногу за време од 3 години од престанокот на правното лице".

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Ленче Пенева од Битола, Борис Стојкоски од Скопје и Претпријатието – Рудници за олово и цинк „Саса" од Македонска Каменица, со Решение У.бр. 279/95 и У.бр. 359/95 од 26 март 1996 година поведе постапка за оценување уставноста на наведениот дел од означената законска одредба, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со член 34 и член 35 став 1 од Уставот на Република Македонија.

4. На седницата Судот утврди дека, според член 7 став 2 од Законот, кога на инвалидот на трудот со преостаната работна способност му престане работниот однос заради престанок на правното лице поради стечај или ликвидација, средствата за исплата на паричните надоместоци од член 54 како паричен надомест до вработување и за правото од член 47 став 3 ги обезбедува фондот најмногу за време од 3 години од престанокот на правното лице.

5. Според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор а, според член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Од изнесените уставни одредби произлегува дека со закон се определува правото на граѓаните на социјална сигурност и социјално осигурување, почитувајќи го притоа начелото на социјална праведност.

Со оглед на тоа што со наведената законска одредба се определува инвалидот на трудот со преостанатата работна способност да има право на паричните надоместоци најмногу за време од 3 години, ако му престане работниот однос поради стечај или ликвидација на правното лице, Судот оцени дека таквото законско решение, во наведениот дел, не ги обезбедува начелата на социјална сигурност и социјална праведност утврдени во изнесените уставни одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 279/95
У.бр. 359/95
14 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

---

**536.**

Уставниот суд на Република Македонија,врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 14 мај 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. Се укинуваат членовите 2, 3 и 10 од Законот за објавување на законите и другите републички прописи и општи акти („Службен весник на СРМ" бр. 43/80) и Уредбата за начинот на издавање и користење на Посебниот службен весник на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 18/81).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесена иницијатива од Димитар Секуловски од Скопје, со Решение У.бр. 241/96 од 12 февруари 1997 година, поведе постапка за оценување уставноста на членовите 2, 3 и 10 од Законот и уставноста и законитоста на Уредбата, означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 52 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според член 2 став 1 од Законот, прописите и другите општи акти на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија (во текстот се користат старите називи на овие органи) што содржат податоци чие објавување би било во спротивност со интересите на безбедноста и одбраната на земјата и со други општествени интереси утврдени со закон, за кои тоа ќе го одреди Собранието, односно Владата се објавуваат во посебен службен весник. Во посебниот службен весник, според ставот 2 од овој член на Законот, се објавуваат и прописите и другите општи акти на функционерите што раководат со републичките органи на управата и републичките организации и прописите и другите општи акти на републичките колегијални органи на управата што содржат податоци чие објавување би било во спротивност со интересите на безбедноста и одбраната на земјата и со други општествени интереси утврдени со закон, за кои што ќе го одреди функционерот, односно колегијалниот орган што го донел тој пропис.

Во член 3 од Законот се определуваат актите што се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија", со клаузула дека органите можат да одлучат во него да се објават и други акти, опфаќајќи притоа и органи, организации и заедници кои веќе не постојат во уставно-правниот поредок на Република Македонија.

Според член 10 од Законот е содржано овластување за уредување на начинот на издавање и користење на посебниот службен весник.

Со Уредбата за начинот на издавање и користење на Посебниот службен весник на СРМ, донесена од Извршниот совет на Собранието на СРМ на 14 мај 1981 година, се уредува дека во „Посебниот службен весник

на СРМ“ се објавуваат прописите од доверлива природа. Според член 5 од оваа уредба видот на тајноста на прописот го определува донесувачот на прописот, а според член 6 е предвидена обврска за НИРО „Службен весник на СРМ“ да обезбеди податоците од прописот од доверлива природа, како и самиот пропис, да се чуваат како тајна. Покрај грижата за отпечатените примероци од Посебниот службен весник, во член 7 од Уредбата, се определуваат и корисниците до кој се доставува весникот. Зависно од содржината на прописот од доверлива природа, донесувачот на прописот, определува до кој корисник ќе биде доставен весникот, а тие се должни да ги запознаат со содржината на прописот организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници, органите и организациите на кои се однесуваат тие прописи. Во поглед на користењето на Посебниот службен весник, во член 8 од Уредбата,се повикува на сообразна примена на актите на корисниците на весникот со кои се уредува постапувањето и мерките за заштита на материјалите и податоците што претставуваат тајна.

5. Една од основните цели на Уставот на Република Македонија е воспоставувањето и изградбата на владеењето на правото како темелен систем на власта. Во таа смисла, овој уставен принцип со член 8 од Уставот се утврдува како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, според став 2 од овој член, законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“, најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување, а според ставот 3 од овој член на Уставот, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби јасно произлегува дека објавувањето на законите и другите прописи е во функција на обезбедување на принципот на владеење на правото и остварувањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти. Самото, пак, објавување на законите и другите прописи претставува чин на обнародување на тие акти и нивно ставање на увид на јавноста. Како еден од основните елементи на правната сигурност на граѓаните, иако самото нивно објавување не претставува правен акт, тоа предизвикува други бројни правни последици од донесениот акт. Имено, законот односно другиот пропис, со неговото донесување, промулгирање односно потпишување и објавување, станува перфектен односно применлив акт. Имајќи го предвид карактерот и значењето на објавувањето на законите и другите прописи, Уставот утврдил обврска тие да се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“, како службено гласило на Републиката.

Одредбата за објавување на законите и другите прописи во Уставот е поместена во главата за основните слободи и права на човекот и граѓанинот и тоа во делот за гаранции на основните слободи и права. Самиот овој факт укажува дека Уставот на објавувањето на законите и другите прописи не приоѓа како на техничко прашање, туку на прашање кое длабоко навлегува во уставните гаранции на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Уставот освен јасната определба во членот 52 за објавување на законите и другите прописи во „Службен весник на Република Македонија“ не содржи никакви рестрикции, ниту основи за рестрикција на принципот за објавување на прописите како услов за нивна правна сила и примена. Во рамките на така утврдените начела и принципи, не би можело да се бара исклучок или да се оправдува посебно „тајно“ гласило или гласило со ограничена јавност.

Тргнувајќи од основниот критериум за објавување на пропис во посебното гласило, утврден со оспорените одредби, дека таквиот пропис треба до содржи податоци чие објавување би било во спротивност со интересите на безбедноста и одбраната на земјата и со други општествени интереси утврдени со закон, смислата на Посебниот службен весник е да го истисне, ограничи и оневозможи објавувањето на прописите на начин на кој е тоа предвидено во член 52 од Уставот, доколку во таквите прописи се содржани доверливи податоци. Од таквиот начин на објавување не може да се извлече заклучок дека тие прописи сепак се објавуваат, само во друго, посебно службено гласило, со што формално би било задоволено барањето од член 52 од Уставот. Ако логиката беше забрана на објавување на прописи кои содржат податоци од доверлива природа, тогаш, тајноста односно недостапноста на „Посебниот службен весник“ до граѓаните и другите субјекти е негово принципиелно обележје. Тоа, дотолку повеќе што во Законот не се содржани одредби кои би се однесувале на неговиот начин на издавање, достапност и користење, туку тие прашања се предоставени да ги уреди Владата.

Со Уредбата за начинот на издавање и користење на Посебниот службен весник, тајноста на ова гласило, односно на прописите што се „објавуваат“ во него, се релативизира, особено со проширувањето на обврската гласилото да се доставува до организациите и заедниците на кои објавениот пропис се однесува, што би можело да претставува основ за гледиште дека суштината на објавувањето на прописите, во смисла на член 52 од Уставот, со тоа се постигнува односно дека субјектот на правниот поредок, е известен за содржината на прописот што на таков начин е објавен и кој се однесува на него. Доставувањето на гласилото до определениот тесен круг корисници, односно запознавањето со содржината на прописот, во оваа смисла би бил ден на „објавување“ на прописот, како услов за неговата правна сила во правниот поредок. Со оваа уредба, меѓутоа, не се пропишува обврска за доставување на ова посебно гласило и на граѓаните, на кои исто така и во крајна линија, тие прописи и се однесуваат. Во крајна линија, како од целината на оспорените одредби на Законот и Уредбата, произлегува дека граѓаните се должни да постапуваат по таквите прописи, иако тие за нив се непознати.

